# ИНФОРМАТИВЕН ПРОСПЕКТ ЗА КБ ПРВ ОТВОРЕН ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД – СКОПЈЕ

## Управуван од КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ состојба на 31.12.2023

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО
ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

## I ВОВЕД

**Назив и седиште на Друштвото и фондот со кој управува:**
**Назив на Друштвото:** КБ Прво друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови АД Скопје – скратен назив: КБ Прво пензиско друштво АД Скопје.
**Седиште на Друштвото:** Седиштето на Друштвото е на адреса: Ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“ бр. 6 , 1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Назив на Фондот:** КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје
**Седиште на Фондот:** Седиштето на Фондот е на адреса: Ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“ бр. 6 , 1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Правна рамка на Фондот:** Отворен доброволен пензиски фонд
**Датум на основање на пензискиот фонд:** КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје е основан на 04.12.2009 година со дозвола и одобрение за управување со доброволен пензиски фонд од страна на Агенцијата за супервизија на капиталното финансирано пензиско осигурување.

**Контакт телефон:** 02 32 43 777, 02 32 43 772.

**Име и презиме на членови на Управен одбор на Друштвото кое управува со доброволниот пензиски фонд:**
– Г-ѓа Весна Стојановска, претседател и член на Управен одбор – Генерален директор
– Г-дин Иван Стојановиќ, член на Управен одбор – Втор Генерален директор

**Име и презиме на членови на Надзорен одбор на Друштвото кое управува со доброволниот пензиски фонд:**
– Г-ѓа Аленка Жнидаршич-Крањц, претседател и член на Надзорниот одбор,
– Г-дин Јанез Крањц, член на Надзорниот одбор,
– Г-ѓа Маја Стевкова-Штериева, член на Надзорниот одбор,
– Г-ѓа Анита Бислимовска, член на Надзорниот одбор,
– Г-дин Миран Ковач, независен член на Надзорниот одбор и
– Г-ѓа Душица Стевчевска-Србиноска, независен член на Надзорниот одбор.

**Име, презиме и адреси на акционерите на Друштвото кое управува со доброволниот пензиски фонд и нивното учество во основната главнина на Друштвото кое управува со доброволниот пензиски фонд:**

1. Skupina Prva, zavarovalniski holding d.d. Ljubljana (Prva group, Insurance holding company, plc. Ljubljana);
седиште: Фајфарјева улица 33, 1000 Љубљана, Република Словенија – учество во основната главнина: 51%

2. Комерцијална банка АД Скопје седиште: Ул. „Васил Иљоски“ бр. 3 , 1000 Скопје, Република Северна Македонија
– учество во основната главнина: 49%

Основната главнина на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје изнесува 1,8 милиони евра.

Назив и седиште на чувар на имот: Шпаркасе банка АД Скопје, Седиштето на чуварот на имот е на адреса: Ул. „Васил Иљоски“ бр. 14 , 1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Податоци за ревизорот на доброволниот пензиски фонд и друштвото:**

**Надворешен ревизор на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје и КБ Прво пензиско друштво АД Скопје:**
**Грант Торнтон ДОО Скопје седиште на ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 52 6-1/20, 1000 Скопје, Република Северна Македонија**

**Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) www.mapas.mk тел. 02 3224 229**

## II СТРУКТУРА НА РЕФОРМИРАНИОТ ПЕНЗИСКИ СИСТЕМ

**Реформираниот пензиски систем се темели на 3 столба:**

**ПРВ СТОЛБ** – Задолжително пензиско и инвалидско осигурување;
– Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија (ФПИОСМ);
**ВТОР СТОЛБ** – Задолжително капитално финансирано пензиско осигурување;
**ТРЕТ СТОЛБ** – Доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.
**КБ Прво пензиско друштво АД Скопје и КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје се дел од третиот пензиски столб во Република Северна Македонија.**

## III ИНВЕСТИРАЊЕ

**Основни принципи на инвестирањето за периодот 01.01.2023 – 31.12.2023 година и самоограничувања при инвестирањето освен ограничувања утврдени со Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување**

**а) Доброволен пензиски фонд**

КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје е отворен инвестиционен фонд.
КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје го сочинуваат доброволните придонеси, уплатени во име и за сметка на членовите, средствата на членовите, средствата на пензионираните членови и приносите од инвестираните придонеси и средства, намалени за надоместоците што се наплатуваат од доброволниот пензиски фонд.

Друштвото на крајот на јуни и декември секоја година, го утврдува приносот во номинален и реален износ за претходните 84 месеци, а потоа се конвертира во еквивалентна годишна стапка на принос, изразена како процент, со две децимални места.

Приносот на доброволниот пензиски фонд во номинален износ претставува промена на вредноста на сметководствена единица на последниот датум на проценка во пресметковниот период во однос на вредноста на сметководствената единица на последниот ден од месецот кој претходи на првиот месец во пресметковниот период.
Приносот на доброволниот пензиски фонд во номинален износ се пресметува по следната формула:

$$R_{nom} = \left(\frac{SE_t}{SE_0}\right)^{\frac{365}{t}} - 1$$

*каде*

**Rnom** е стапка на принос во номинален износ за пресметковниот период,
**SEt** е вредноста на сметководствената единица на последниот ден на пресметковниот период,
**SEo** е вредноста на сметководствената единица на последниот ден од месецот кој претходи на првиот месец во пресметковниот период,
**t** е број на денови во пресметковниот период.

Приносот на доброволниот пензиски фонд во реален износ се пресметува врз основа на приносот на доброволниот пензиски фонд во номинален износ и нивото на трошоците на живот во истиот период за кој се пресметува приносот објавени од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија.
Приносот на доброволниот пензиски фонд во реален износ се пресметува по следната формула:

$$R_{real} = \frac{1 + R_{nom}}{\left(\prod_k (1 + \frac{i_k - 100}{100})\right)^{\frac{365}{t}}} - 1$$

*каде*

**Rreal** е стапка на принос во реален износ за пресметковниот период,
**Rnom** е стапка на принос во номинален износ за пресметковниот период,
**t** е бројот на денови во пресметковниот период,
**Ik** – индекс на трошоците на живот, објавен од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија, на крајот на јуни односно декември во секоја година во однос на јуни или декември во претходната година, почнувајќи од годината на пресметката наназад за сите години во пресметковниот период и последното полугодие во пресметковниот период доколку тој изнесува 78, 66, 54, 42, 30 или 18 месеци.

Остварениот номинален принос на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје сведен на годишно ниво за периодот 31.12.2016 – 31.12.2023 година изнесува 4,81%[1] .
Остварениот реален принос на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје сведен на годишно ниво за периодот 31.12.2016 – 31.12.2023 година изнесува 0,22%[2].

| Остварен просечен годишен принос на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје [1,2] | | |
|---|---|---|
| 31.12.2016 – 31.12.2023 | 4,81% | Номинален |
| 31.12.2016 – 31.12.2023 | 0,22% | Реален |

| Наплатуван надоместок од придонеси [3] | |
|---|---|
| 01.01.2016 – 31.12.2022 | 2,90% |
| 01.01.2023 – 31.12.2023 | 2,50% |

| Наплатуван месечен надоместок од нето средства на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје [4] | |
|---|---|
| 01.01.2016 – 31.12.2023 | 0,075% |

| Надоместок за премин [5] | |
|---|---|
| број на денови ≤ 360 | 10 евра |
| број на денови > 360 | не се наплаќа |

Приносот на Вашата доброволна индивидуална сметка и/или професионална сметка е променлив и зависи од приносот на Вашиот доброволен пензиски фонд и од надоместоците наплатени од Вашето друштво кое управува со доброволниот пензиски фонд.

[1, 2, 3, 4, 5] *Извор: www.mapas.mk*

| Трансакциони провизии [6] | Износ во денари | Износ на трошок во денари по една сметководствена единица |
|---|---|---|
| Вкупен износ на трансакциони провизии платени од КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје во периодот 31.12.2016 – 31.12.2023 | 378.581,00 | 0,047 |

[6] *Извор: КБ Прво пензиско друштво АД Скопје*

**б) Принципи на инвестирање**

Друштвото ги инвестира средствата на Фондот во согласност со одредбите од Законот и инвестиционата стратегија со цел за остварување на највисок принос единствено во полза на членовите и пензионираните членови на доброволниот пензиски фонд и преку диверзификација и финансиска анализа да се минимизира ризикот од загуби:

1) кои настанале поради неплаќање на издавачот или другата договорна страна;
2) кои произлегуваат од влијанието на домашните и странските финансиски пазари;
3) во реалната вредност на средствата на доброволниот пензиски фонд поради инфлација;
4) кои се последица од продажба на средствата на доброволниот пензиски фонд поради обезбедување на ликвидност на доброволниот пензиски фонд.

Управувањето и контролата на инвестирањето на средствата на доброволните пензиски фондови од страна на член на Управен одбор и Надзорен одбор во Друштвото ќе биде во согласност со фидуцијарната должност и овие лица ќе применуваат степен на грижа, делотворност и вештини кои би ги применувал разумен човек при инвестирање на сопствените средства. Секој член ќе ја исполнува својата обврска во согласност со неговите фидуцијарни должности и ќе обезбеди нивна примена од страна на секој вработен и работно ангажиран во Друштвото.

• **Самоограничувања** што се почитуваат при инвестирањето на средствата на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје се лимитите утврдени во целната структура по инструменти прикажани во табелата подолу:

Целна структура по инструменти за периодот 2023-2029

| Опсег на алокација на средства | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Класа | | Подкласа | Минимум | Цел | Максимум |
| Инструменти со фиксен принос (од 60% до 80%) | **Обврзници** | | **46,00%** | **56,00%** | **80,00%** |
| | | *Државни обврзници РС Македонија* | *46,00%* | *53,00%* | *70,00%* |
| | | *Обврзници во РС Македонија со исклучок на државни об.* | *0,00%* | *1,00%* | *3,00%* |
| | | *Обврзнички инвестициски фондови во РС Македонија* | *0,00%* | *0,50%* | *3,00%* |
| | | *Државни обврзници странство* | *0,00%* | *1,00%* | *6,00%* |
| | | *Корпоративни обврзници странство* | *0,00%* | *0,50%* | *4,00%* |
| | **Депозити** | | **3,00%** | **10,00%** | **17,00%** |
| | **Пари и парични еквиваленти** | | **0,00%** | **0,50%** | **3,00%** |
| | | *Парични средства* | *0,00%* | *0,00%* | *3,00%* |
| | | *Парични инвестициски фондови во РС Македонија* | *0,00%* | *0,00%* | *3,00%* |
| Инструменти со варијабилен принос (од 20% до 40%) | **Акции** | | **20,00%** | **33,50%** | **40,00%** |
| | | *Акции РС Македонија* | *0,00%* | *2,50%* | *6,00%* |
| | | *Акции странство* | *20,00%* | *29,50%* | *30,00%* |
| | | *Акциски инвестициски фондови во РС Македонија* | *0,00%* | *1,50%* | *4,00%* |
| | **Побарување** | | *n/a* | *0,00%* | *n/a* |

Во случај на пречекорување на самоограничувањата се постапува според Политиката за ребалансирање на портфолиото.
• Дополнително, врз основа на интерна класификација на банките во РС Македонија се дефинираат следните лимити: за банките класифицирани во групата „добри банки“ може да се депонира износ кој нема да надмине 2% од вкупните средства на банката, во групата „средни банки“ може да се депонира износ до максимум 1% од вкупните средства на банката и во групата „лоши банки“ не е дозволено депонирање на средствата на фондот.

**Одговорност при носење на инвестициони одлуки**

КБ Прво пензиско друштво АД Скопје ги инвестира средствата на членовите на Фондот во согласност со строго дефинирани правила и принципи и супервизија вршена од страна на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, додека Чуварот на имот ги чува средствата на Фондот одвоено од средствата на Друштвото.
Одговорен за донесување и спроведување на одлуките за инвестирање на средствата на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје е Управниот одбор на Друштвото. КБ Прво пензиско друштво АД Скопје има посебен Сектор за управување со средства кој директно ги спроведува одлуките на Управниот одбор на Друштвото. Инвестициониот одбор е советодавно стручно тело избрано од Управниот одбор кое врз основа на движењата и состојбите на финансискиот пазар и анализа на финансиските инструменти, дава предлози на Управниот одбор за инвестирање на средствата на Доброволниот пензиски фонд во одделни инструменти. Исто така, за реализирање на инвестиционите цели и принципи, КБ Прво пензиско друштво АД Скопје усвојува: Инвестициона стратегија за период од седум години и Инвестициона тактика за период од една година. Во согласност со законски предвидените лимити за инвестирање на средствата на Доброволниот пензиски фонд, Инвестиционата стратегија, Инвестиционата тактика и тековните услови на финансиските пазари, наведените органи ги извршуваат работите поврзани со инвестирањето на средствата.

**Инвестиционо портфолио на доброволниот пензиски фонд:**

| ИЗДАВАЧ | НАЗИВ | Вредност во денари | % од вкупните средства |
|---|---|---|---|
| **ДОМАШНИ ИНСТРУМЕНТИ** | | | |
| **ОБВРЗНИЦИ** | | | |
| **Државни обврзници** | | | |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год.; 3,50%; 07/06/33 | 17.735.031 | 1,02% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год.; 3,20%; 28/02/34 | 26.653.912 | 1,53% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год.; 3,00%; 07/11/34 | 38.389.445 | 2,20% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год.; 2,50%; 29/10/35 | 19.997.394 | 1,15% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год.; 2,20%; 03/12/35 | 23.013.984 | 1,32% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год.; 2,50%; 14/01/36 | 53.528.200 | 3,07% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год.; 2,50%; 15/04/36 | 18.952.705 | 1,09% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год.; 2,20%; 15/04/36 | 20.194.269 | 1,16% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год.; 2,20%; 17/06/36 | 19.839.963 | 1,14% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год.; 3,80%; 11/01/33 | 23.694.393 | 1,36% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год.; 2,50%; 05/08/36 | 40.160.699 | 2,30% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год.; 2,20%; 18/11/36 | 24.576.472 | 1,41% |
| Министерство за финансии | Државна обврзница; 15 год.; 2,60%; 13/01/37 | 34.344.306 | 1,97% |
| Останати државни обрвзници со учество помало од 1% во портфолиото | | 672.671.812 | 38,56% |
| **Вкупно државни обврзници** | | **1.033.752.585** | **59,25%** |
| **ДЕПОЗИТИ** | | | |
| ПроКредит банка АД Скопје | 2,00%; 24/01/22 – 24/01/24 | 15.756.904 | 3,96% |
| | 2,00%; 07/02/22 – 07/02/24 | 15.020.548 | |
| | 2,90%; 13/06/22 – 13/06/24 | 5.227.880 | |
| | 3,35%; 05/08/22 – 05/08/24 | 11.097.432 | |
| | 5,00%; 21/07/23 – 21/07/25 | 17.025.616 | |
| | 5,00%; 15/08/23 – 15/08/25 | 5.011.644 | |
| | **вкупно** | **69.140.025** | |
| Халк банка АД Скопје | 2,70%; 29/01/20 – 29/01/24 | 12.300.910 | 2,67% |
| | 2,10%; 07/10/21 – 07/10/24 | 9.225.531 | |
| | 2,80%; 16/01/23 – 16/01/25 | 25.001.918 | |
| | **вкупно** | **46.528.358** | |
| **Останати домашни банки со вкупно депозити со учество помало од 1% во портфолиото** | | **8.012.746** | **0,46%** |
| **Вкупно депозити** | | **123.681.129** | **7,09%** |
| **АКЦИИ** | | | |
| Алкалоид АД Скопје | обични акции | 28.103.243 | 1,61% |
| **Вкупно акции** | | **28.103.243** | **1,61%** |
| **УДЕЛИ ВО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ** | | | |
| Генерали Инвестментс АД Скопје | Генерали Кеш Депозит о.ф. | 21.004.215 | 1,20% |
| Останати инвестициски фондови со вкупно учество помало од 1% во портфолиото | | 205.617 | 0,01% |
| **Вкупно удели во инвестициски фондови** | | **21.209.832** | **1,22%** |
| **ВКУПНО ДОМАШНИ ИНСТРУМЕНТИ** | | **1.206.746.790** | **69,17%** |

| СТРАНСКИ ИНСТРУМЕНТИ | | | |
|---|---|---|---|
| **УДЕЛИ ВО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ** | | | |
| BlackRock Asset Management (Deutschland) AG | iShares STOXX Europe 600 UCITS ETF (DE) | 14.827.728 | 0,85% |
| BlackRock Fund Advisors | iShares ESG Aware MSCI USA ETF | 63.060.831 | 3,61% |
| | iShares ESG Aware MSCI EAFE ETF | 64.908.554 | 3,72% |
| | iShares MSCI ACWI ETF | 44.176.574 | 2,53% |
| The Vanguard Group | Vanguard FTSE All-World ex-US ETF | 43.146.318 | 2,47% |
| | Vanguard S&P 500 ETF | 70.713.772 | 4,05% |
| | Vanguard ESG International Stock ETF | 70.403.882 | 4,04% |
| | Vanguard ESG US Stock ETF | 46.745.535 | 2,68% |
| State Street Bank and Trust Company | SPDR S&P 500 ETF Trust | 20.341.405 | 1,17% |
| DWS Group GMBH & CO KGAA | Xtrackers MSCI USA ESG Leaders | 71.583.429 | 4,10% |
| **Вкупно удели во инвестициски фондови** | | **509.908.029** | **29,23%** |
| **ВКУПНО СТРАНСКИ ИНСТРУМЕНТИ** | | **509.908.029** | **29,23%** |
| | | | |
| Побарувања | | 158.364 | 0,01% |
| Парични средства | | 27.881.900 | 1,60% |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | 1.744.695.082 | 100,00% |

**Структура на портфолиото на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд - Скопје по групи на инструменти**




**Валутна структура на портфолио на КБ Прво отворен доброволен пензиски фонд - Скопје**




**Структура на портфолио на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд - Скопје по држава***




*Структура по држави со учество над 0,5% од средствата на пензискиот фонд

**Структура на портфолиото на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд - Скопје по сектор**




Вредност на сметководствена единица
КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд - Скопје
за период 31.12.2016 - 31.12.2023




**Нето вредност на средствата на доброволниот пензиски фонд: на 31.12.2023 година изнесуваат 1.738,27 милиони денари[7].**

## IV НАДОМЕСТОЦИ И ПРОВИЗИИ

Надоместоци, провизии и други трошоци што се наплатуваат од членовите и од пензионираните членови на доброволниот пензиски фонд:

**а) Надоместоци[8] :**

| | |
|---|---|
| надоместок од придонеси | 2,5% за периодот 01.01.2023 - 31.12.2023* |
| месечен надоместок од вредноста на нето средствата на доброволниот пензиски фонд | 0,075% |
| надомест за премин | |
| број на денови ≤ 360 | 10 евра |
| број на денови > 360 | не се наплаќа |

[7,8] *Извор: www.mapas.mk*

* Информација за точната висина на наплатуваниот надоместок од уплатени придонеси на Вашата професионална сметка можете да добиете кај Вашиот работодавец кој ја основа и финансира професионалната пензиска шема во која Вие учествувате.

Надоместокот од уплатени придонеси е дефиниран со Договорот за Професионална пензиска шема склучен помеѓу Вашиот работодавец и КБ Прво пензиско друштво АД Скопје и Правилата за организирање и финансирање на професионалната пензиска шема.

Член на постојниот пензиски фонд е должен да плати паричен надоместок само доколку истиот бил член на постојниот фонд во рок помал или еднаков на 360 дена односно според подолната табела:

| Број на денови | Износ на надоместок за премин [9] |
|---|---|
| број на денови ≤ 360 | 10 евра |
| број на денови > 360 | не се наплаќа надоместок за премин |

[9] *Извор: www.mapas.mk*

Надоместокот за премин е определен врз основа на бројот на денови од датумот кога членот се стекнал со статус на член во постојниот доброволен пензиски фонд до датумот на пренос на средствата на доброволната индивидуална сметка или професионалната сметка на членот во идниот доброволен пензиски фонд.

Приносот на Вашата доброволна индивидуална сметка и/или професионална сметка е променлив и зависи од приносот на Вашиот доброволен пензиски фонд и од надоместоците наплатени од Вашето друштво кое управува со доброволниот пензиски фонд.

**б) Трансакциони провизии***

| Трансакциони провизии | Износ во денари | Износ на трошок во денари по една сметководствена единица |
|---|---|---|
| Вкупен износ на трансакциони провизии платени од КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје во периодот 01.01.2023 – 31.12.2023 | 37.462,00 | 0,005 |

**Извор: КБ Прво пензиско друштво АД Скопје*

## V ЧЛЕНСТВО

**Начин на зачленување, склучување на договор за програмирани повлекувања, склучување на договор за еднократна исплата, склучување на договор за повеќекратни исплати и склучување на договор за премин**

**а) Членство во доброволен пензиски фонд**

**Во доброволен пензиски фонд можат да се зачленат:**
– Сите лица кои се на возраст од 15 години до 70 години и кои немаат остварено право на пензија согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување ниту пак се корисници на истата, односно лица кои не повлекуваат средства согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и не остваруваат пензиски надоместок согласно со Закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување;

– Работниот однос не е предуслов за членување, па затоа членови можат да бидат и лица кои се невработени, вработени на проекти или во странски мисии, долгорочно невработени лица, лица кои немаат приходи по ниеден основ, лица за кои ќе биде уплатуван дополнителен пензиски придонес – брачни другари, членови на семејство;
– Вработени лица кои сакаат и можат дополнително пензиски да штедат, преку сопствени уплати на доброволен придонес, уплата на придонес од трето лице или придонес уплатен од работодавец за членство стекнато преку професионална пензиска шема.

**б) Начин на зачленување во доброволен пензиски фонд**

Член на доброволен пензиски фонд може да биде секое лице кое навршило најмалку 15 години и е сопственик на доброволна индивидуална сметка или секое лице кое е учесник во професионална пензиска шема и е сопственик на професионална сметка.

Членство во доброволен пензиски фонд може да се стекне на следните начини:

– со потпишување на договор за членство во доброволен пензиски фонд помеѓу лицето и друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови или друштво за управување со доброволни пензиски фондови (во понатамошниот текст: друштвото) и со отворање на доброволна индивидуална сметка;
– со потпишување на договор за членство во доброволен пензиски фонд помеѓу лицето, физичко лице кое уплаќа придонес во име и за сметка на лицето (т.н. уплаќач) и Друштвото и со отворање на доброволна индивидуална сметка и
– со учество во професионална пензиска шема и отворање на професионална сметка.

Друштвото не може да одбие зачленување на лице во доброволен пензиски фонд со кој управува доколку лицето има најмалку 15 години возраст и најмногу 70 години возраст освен доколку лицето кое сака да се зачлени има остварено право на пензија согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување или пак е корисник на истата, односно повлекува средства согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување или остварува пензиски надоместок согласно Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

Уплати во доброволен пензиски фонд, за себе или за друго физичко лице, не може да врши лице кое има остварено право на пензија согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување или пак е корисник на истата, односно повлекува средства согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување или остварува пензиски надоместок согласно Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

Договорот за членство во доброволен пензиски фонд го потпишуваат физичкото лице кое сака да се зачлени во доброволниот пензиски фонд и Друштвото, и во овој случај уплатата на доброволен придонес ја врши физичкото лице – (иден) член на доброволниот фонд. Во случај кога трето лице врши уплата на доброволен придонес, договорот за членство го потпишуваат физичкото лице кое сака да се зачлени, третото лице – уплаќач кое ќе уплаќа доброволен придонес во име и за сметка на лицето кое сака да се зачлени и Друштвото. Договорот за членство е во стандардизирана форма утврдена од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС и истиот може да се менува со анекс единствено доколку настане вклучување, промена или исклучување на третото лице – уплаќач од договорот.

При склучувањето на договор за членство, Друштвото го претставува негов агент кој е регистриран во Регистарот на агенти што го води Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС.

Договорот за професионална пензиска шема се потпишува помеѓу работодавач или здружение на граѓани (т.н. осигурител) и овластен претставник на Друштвото.

Повеќе работодавачи или здруженија на граѓани можат заедно да организираат и финансираат професионални пензиски шеми односно заедно да склучат договор за професионална пензиска шема со овластен претставник на Друштвото. Еден осигурител може да организира само една професионална пензиска шема. Формата на договорот за професионална пензиска шема ја утврдуваат договорните страни. Осигурителот доставува и листа на учесници во професионалната пензиска шема која ја организира и (ќе ја) финансира со податоци што се утврдени со Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и подзаконските акти. Осигурителот е должен редовно да го известува Друштвото за секоја промена на листата на учесници во професионалната пензиска шема.
Во пензиската шема осигурителот може да ги вклучи само своите вработени или членови и има право да определи кои вработени или членови ќе учествуваат во професионалната пензиска шема. Воедно, осигурителот од сопствени средства ја врши уплатата на доброволниот придонес и има право слободно да ја одредува висината на уплатениот износ и фреквенцијата на уплатата за секој учесник поединечно, а промената на висината и фреквенцијата на уплата не влијае на правото на членство во доброволниот пензиски фонд. Дополнително, здружение на граѓани кое организирало професионална пензиска шема може да определи дека негов член може да учествува во професионалната пензиска шема само доколку членот финансиски учествува во покривање на трошоците на здружението поврзани со професионалната пензиска шема.
Осигурителот може да ја укине професионалната пензиска шема, да ги измени правилата или да го смени доброволниот пензиски фонд каде што е вклучена пензиската шема. Доколку осигурителот презема некоја од овие активности, должен е претходно во рок од 30 дена писмено да ги извести сите учесници во професионалната пензиска шема.
Секој учесник во професионална пензиска шема потпишува изјава за согласност за учество во професионална пензиска шема (врз основа на кои осигурителот составува листа на учесници во професионалната пензиска шема) и ја доставува до осигурителот. Лицата кои стануваат членови на доброволен пензиски фонд врз основа на учество во професионална пензиска шема добиваат потврда за членство во доброволниот пензиски фонд во рок од 30 дена од зачленувањето и не склучуваат договор со Друштвото, а потврдата за членство ја издава Друштвото.
Секое лице, во рок од 15 дена од стапување во работен однос кај работодавач кој има организирано и финансира професионална пензиска шема, има право на копија од правилата на професионалната пензиска шема и статутот на пензискиот фонд во кој е вклучена шемата, без оглед на тоа дали во моментот на вработувањето има право да членува во професионалната пензиска шема.

Статусот на член на доброволен пензиски фонд, а со тоа правата и обврските од членство, се сметаат за стекнати од:

– датумот на отворањето на доброволната индивидуална сметка односно, од датумот на првата извршена уплата на доброволен придонес во доброволен пензиски фонд – за физичките лица кои склучиле договор за членство во доброволниот пензиски фонд и
– датумот на отворањето на професионалната сметка односно, од датумот на првата извршена уплата на доброволен придонес во доброволен пензиски фонд.

Доброволна индивидуална сметка и/или професионална сметка се отвора единствено со првата извршена уплата. Едно лице може да има само една доброволна индивидуална сметка и една професионална сметка во ист или различен доброволен пензиски фонд.

Пензиониран член е физичко лице кое остварило право на пензиски надоместок од доброволно капитално финансирано пензиско осигурување преку програмирани повлекувања или повеќекратни исплати и има доброволна индивидуална и/или професионална сметка во доброволен пензиски фонд од која ги врши повлекувањата на средствата.

**в) Склучување на договор за програмирани повлекувања, склучување на договор за еднократна исплата, склучување на договор за повеќекратни исплати**

Постапката за остварување на право на пензиски надоместок од третиот столб започнува со поднесување на барање за стекнување право на пензиски надоместок до пензиското друштво кое управува со доброволниот пензиски фонд каде членот има доброволна индивидуална или професионална сметка, доколку ги исполни условите за исплата на пензиски надоместок согласно закон. Доколку членот на доброволен пензиски фонд има доброволна индивидуална сметка и професионална сметка, може да бара спојување на средствата на двете сметки при што, доколку сметките се во два различни доброволни пензиски фонда управувани од две различни друштва, барањето се доставува до едно од пензиските друштва.

Барањето за остварување на право на пензиски надоместок може да се поднесе најдоцна до навршување на 70 години возраст на членот.

Доколку членот ги исполнил условите за право на пензиски надоместок, пензиското друштво издава потврда за висината на средствата на неговата доброволна индивидуална и/или професионална сметка и определува идентификациски број за котација.

Членот може да побара котација за избор на вид на пензиски надоместок лично од Центарот за котација или преку пензиското друштво.

До основање на Центарот за котација собирањето и презентирањето на понудите за пензиски надоместоци од трет столб ќе се извршува од пензиското друштво кое управува со доброволниот пензиски фонд каде членот има доброволна индивидуална и/или професионална сметка.

Членот на доброволен пензиски фонд, може да потпише договор за програмирани повлекувања, договор за еднократна исплата и договор за повеќекратни исплати со агент на друштвото кое управува со доброволен пензиски фонд или агент на Друштвото кое управува со задолжителен и доброволен пензиски фонд.

### г) Премин од/во друг доброволен пензиски фонд и склучување на договор за премин

Членот на доброволен пензиски фонд (постоен доброволен пензиски фонд) кој има доброволна индивидуална сметка може да премине во друг доброволен пензиски фонд (иден доброволен пензиски фонд), со склучување на договор за членство со друштвото кое управува со идниот доброволен пензиски фонд, со потпишување Изјава за согласност за премин, со плаќање надоместок за премин (доколку е потребно) и со префрлање на средствата од доброволна индивидуална сметка во постојниот доброволен пензиски фонд на доброволната индивидуална сметка во идниот доброволен пензиски фонд. Друштвото кое управува со идниот доброволен пензиски фонд, во рок од осум работни дена по потпишувањето на договорот доставува до друштвото кое управува со постојниот пензиски фонд Изјава за согласност за премин во друг доброволен пензиски фонд. По приемот на формуларот за согласност, друштвото кое управува со постојниот доброволен пензиски фонд испраќа писмено известување до друштвото кое управува со идниот доброволен пензиски фонд, со информација за тоа дали се прифаќа или одбива преминот и информација за надоместокот за премин доколку членот е должен да го плати. По добивање на известувањето од постојното пензиско друштво, идното друштво веднаш го известува членот кој сака да премине во идниот доброволен пензиски фонд за обврската за плаќање на надоместокот за премин и достава на доказ за платениот надоместок до постојното друштво во рок од осум дена од денот на добивање на известувањето. Членството во идниот доброволен пензиски фонд започнува од датумот на пренос на средствата од постојниот доброволен пензиски фонд на сметката на членот во идниот доброволен пензиски фонд, а преносот на средствата се врши на првиот нареден датум на пренос. Во случај кога учесник во професионална пензиска шема ќе премине кај друг осигурител кој организира професионална пензиска шема, средствата од постојната професионална сметка се пренесуваат на професионалната сметка во професионалната пензиска шема организирана од другиот осигурител. Учесникот во професионална пензиска шема може да стане член на доброволниот пензиски фонд врз основа на учество во друга професионална пензиска шема кај новиот осигурител кога новиот осигурител ќе изврши уплата на доброволен придонес на професионална сметка.
Средствата од професионалната сметка на членот во доброволен пензиски фонд се префрлаат на неговата доброволна индивидуална сметка во случај кога:

– членот се вработува кај работодавач или се зачленува во здружение на граѓани кое не организира професионална пензиска шема;
– членот се вработува кај работодавач или се зачленува во здружение на граѓани кое организира професионална пензиска шема, но тој не е учесник во шемата;
– членот не се вработува или зачленува во здружение на граѓани.

По истекот на 90 дена од престанокот на работниот однос или членството во здружение на граѓани, средствата од неговата постојна професионална пензиска сметка се пренесуваат на неговата доброволна индивидуална сметка доколку ја има во истиот доброволен пензиски фонд.
Доколку средствата не се пренесат во предвидениот рок бидејќи лицето нема доброволна индивидуална сметка во истиот доброволен пензиски фонд, односно по 90 дена од престанокот на работниот однос или членството во здружение на граѓани, Друштвото ќе побара информација од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување дали членот има доброволна индивидуална сметка и доколку има, ги пренесува средствата од постојната професионална сметка на доброволната индивидуална сметка, а доколку Друштвото добие информација од Агенцијата дека членот нема доброволна индивидуална сметка,  Друштвото му отвора доброволна индивидуална сметка во пензискиот фонд со кој управува и му доставува потврда за членство.
Кога осигурител ќе укине професионална пензиска шема, средствата од професионалната сметка на секој член кој е учесник во шемата се пренесуваат на неговата идна професионална сметка од професионалната пензиска шема организирана од ист или друг осигурител.

Доколку по истек на 90 дена од денот на укинување на професионалната пензиска шема постојниот учесник не стане учесник на друга професионална пензиска шема, средствата од неговата професионална сметка се пренесуваат на неговата доброволна индивидуална сметка доколку ја има во истиот пензиски фонд.

Доколку средствата не се пренесат во предвидениот рок бидејќи лицето нема доброволна индивидуална сметка во истиот доброволен пензиски фонд, Друштвото ќе побара информација од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување дали членот има доброволна индивидуална сметка и доколку има, ги пренесува средствата од постојната професионална сметка на доброволната индивидуална сметка, а доколку Друштвото добие информација од Агенцијата дека членот нема доброволна индивидуална сметка, Друштвото му отвора доброволна индивидуална сметка во пензискиот фонд со кој управува и му доставува потврда за членство.

Право на пополнување документи во двојазична форма

По барање на потенцијален член/член на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд Скопје одредени документи може да бидат пополнети во двојазична форма, односно на македонски и албански јазик и тоа:

1. Договор за членство во КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд Скопје;
2. Изјава за согласност за премин од еден во друг доброволен пензиски фонд;
3. Барање за корекција/ажурирање на лични податоци;
4. Извештај за пензиска заштеда на доброволна индивидуална и професионална сметка;
5. Потврда за членство во доброволен пензиски фонд;
6. Изјава за согласност за учество во професионална пензиска шема;
7. Потврда за членство во доброволен пензиски фонд/пензиска шема;
8. Известување за нарушување на безбедноста на лични податоци.

За издавање на наведените документи во двојазична форма, лицето треба да пополни барање и да го достави до Друштвото, со цел продолжување на соодветната постапка.

## VI ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ И ПЕНЗИОНИРАНИТЕ ЧЛЕНОВИ

### Начин на известување на членовите и пензионираните членови

Заради целосно и правилно информирање на членовите, пензионираните членови, осигурителите и сите заинтересирани лица, КБ Прво пензиско друштво АД Скопје секоја година, најдоцна до 31.03. во тековната година објавува Информативен проспект за КБ Прво пензиско друштво АД Скопје и КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје што содржи информации со состојба на 31.12. минатата година. Овој Информативен проспект содржи информации утврдени со Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и подзаконските акти. Информативниот проспект се објавува во еден од најтиражните дневни весници што се дистрибуираат на целата територија на РСМ и на интернет страната на Друштвото.
Исто така, Друштвото има подготвено и: Статут на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје и Статут на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје. Статутот на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје се објавува на интернет страната на Друштвото, а известувања за негови измени се објавуваат во еден од најтиражните дневни весници што се дистрибуираат на целата територија на РСМ и на интернет страната на Друштвото.
Информативниот проспект и Статутот на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје се доставуваат на увид на сите потенцијални членови пред потпишување на договор за членство, пензионирани членови пред склучување договор за програмирани повлекувања, договор за еднократна исплата или договор за повеќекратни исплати и на барање на членовите и пензионираните членови на доброволниот пензиски фонд.
КБ Прво пензиско друштво АД Скопје подготвува и објавува и Ревидирани годишни финансиски извештаи за Друштвото и Фондовите со кои управува. Објавата се врши на интернет страната на Друштвото, додека извадок од Ревидираниот годишен извештај со мислење на овластениот ревизор за Друштвото се објавува и во најмалку еден дневен весник.
Дополнително, Друштвото подготвува и:

– квартални неревидирани финансиски извештаи за КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје што се објавуваат на интернет страната на Друштвото;
– квартални неревидирани финансиски извештаи за КБ Прво пензиско друштво АД Скопје што се објавуваат на интернет страната на Друштвото;
– годишни неревидирани финансиски извештаи за КБ Прво пензиско друштво АД Скопје и КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје што се објавуваат на интернет страната на Друштвото;
– Огласна табла со кратки информации за Друштвото и Фондовите со кои управува.

Информативниот проспект, Статутот на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје, Огласната табла и Ревидираните годишни финансиски извештаи за Друштвото и Фондовите со кои управува се достапни за увид и во сите продажни места на Друштвото.

Согласно законските прописи, како и заради зголемување на транспарентноста на работењето, КБ Прво пензиско друштво АД Скопје е должно еднаш во годината да ги информира членовите и пензионираните членови на Доброволниот пензиски фонд со кој управува за состојбата на средствата на нивните доброволни индивидуални сметки/професионални сметки.

Од причина што годишните извештаи за пензиска заштеда на доброволните индивидуални сметки/професионални сметки на членовите на Доброволниот пензиски фонд овозможуваат континуиран, детален и бесплатен увид на членовите во нивните доброволни индивидуални и/или професионални сметки, точноста на податоците за адресите и останатите лични податоци на членовите и пензионираните членови е од особено значење за нивно правилно, целосно и навремено информирање – достава на извештаите.
Заради наведеното, известувањето на Друштвото за промена на адресата и останатите лични податоци на членовите и пензионираните членови е од исклучителна важност.

Покрај горенаведеното, Друштвото, еднаш годишно ги известува членовите и пензионираните членови на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје и за:

– остварениот просечен годишен принос од инвестирањето за последните 84 месеци, во номинален и реален износ;
– наплатуваните надоместоци во текот на извештајниот период;
– податоците за вкупниот износ на трансакциони провизии кои ги платиле Друштвото и неговите странски менаџери на средствата на Доброволниот пензиски фонд за извештајниот период и за износот на таквите трошоци по една сметководствена единица;
– податоци за вредноста и учеството на средствата (инвестиционо портфолио) на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје инвестирани во одделен вид на средства, вклучувајќи ги и податоците за издавачот на односната хартија од вредност, на последниот датум на проценка заклучно со 31 декември секоја година со графички приказ (пити) за структурата на портфолиото по група на инструмени и по држава;
– графички приказ на вредноста на сметководствената единица на Доброволниот пензиски фонд за извештајниот период.

Сите наведени извештаи се бесплатни и се доставуваат до членовите и пензионираните членови во зелен коверт или во електронска форма најдоцна до 31.03. во тековната година, а се однесуваат на соодветниот изминат извештаен период заклучно со 31.12.

По барање на член или пензиониран член на Доброволниот пензиски фонд во секое време, Друштвото доставува известување за вредноста на средствата на неговата доброволна индивидуална сметка и/или професионална сметка.

Овие известувања се доставуваат најдоцна во рок од 8 работни дена од приемот на барањето во писмена форма и за овие известувања Друштвото има право да наплати надоместок за известување но само до висината на трошоците за печатење и поштенските трошоци. За овие извештаи Друштвото не наплатува надоместок.

Дополнително, заради зголемување на транспарентноста во работењето, Друштвото овозможува увид на членовите на доброволниот пензиски фонд во нивните доброволни индивидуални/професионални сметки преку интернет страната на пензиското друштво кое управува со Доброволниот пензиски фонд каде членот има доброволна индивидуална и/или професионална сметка. Исто така, преку својата интернет страна, КБ Прво пензиско друштво АД Скопје овозможува брз, едноставен и бесплатен начин на ажурирање на личните податоци на членовите на Доброволниот пензиски фонд со кој управува. За вршење на промена, потребно е членовите да имаат верификациски код и истиот може да го добијат на нивната регистрирана електронска пошта (E-mail) или на домашна адреса. За повеќе информации, членовите можат да го контактираат КБ Прво пензиско друштво АД Скопје на 02 32 43 777 и 02 32 43 772 или да ја посетат интернет страната на Друштвото: www.kbprvo.com.mk – мени „Ажурирање на податоци“.

Исто така, Друштвото објавува на својата интернет страна и детални податоци за вредноста и учеството на средствата (инвестиционо портфолио) на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје инвестирани во одделен вид на средства, вклучувајќи ги и податоците за издавачот на односната хартија од вредност, на последниот датум на проценка заклучно со 31 декември секоја година со графички приказ (пити) за структурата на портфолиото по група на инструмени и по држава и графички приказ на вредноста на сметководствената единица на Доброволниот пензиски фонд за извештајниот период, наплатуваните надоместоци во текот на извештајниот период и податоците за вкупниот износ на трансакциони провизии кои ги платиле Друштвото и неговите странски менаџери на средствата на Доброволниот пензиски фонд за извештајниот период и за износот на таквите трошоци по една сметководствена единица.

По барање на член, друштвото овозможува извештаите за пензиска заштеда на доброволна индивидуална и професионална сметка да бидат достапни во двојазична форма, односно на македонски и албански јазик. За издавање на извештаите во двојазична форма, лицето треба да пополни барање и да го достави до Друштвото.

Број на членови на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје: 16.989 членови на 31.12.2023 година[10]

Број на пензионирани членови на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје во 2023 година:
3 нови пензионирани членови и 181 пензионер со еднократна исплата на пензиски надоместок[11]

## VII ПЕНЗИСКИ НАДОМЕСТОК

### Право на пензиски надоместок од доброволното капитално финансирано пензиско осигурување

Член на доброволен пензиски фонд стекнува право на пензиски надоместок од доброволното капитално финансирано пензиско осигурување т.е. од акумулираните средства на неговата доброволна индивидуална и/или професионална сметка најрано 10 години пред достигнување на возраст за стекнување на старосна пензија согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување, а најдоцна на 70 години возраст.

Согласно горенаведеното, правото на пензиски надоместок членот на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје  го остварува преку личен избор и тоа за:
– исплата на вкупниот износ на неговата сметка, еднократно или повеќекратно;
– купување на пензиски ануитет кој се исплаќа од друштво за осигурување овластено за оваа цел;
– програмирани повлекувања обезбедени од пензиското друштво со кое членот склучил договор за програмирани повлекувања по пензионирањето;
– комбинација на опциите.

При избор на ануитет, членот на пензискиот фонд треба да избере ануитет што ќе содржи по една карактеристика од секој вид на ануитет, и тоа:
– поединечни и заеднички ануитети;
– доживотни и привремени ануитети;
– непосредни и одложени ануитети;
– со гарантиран период или без гарантиран период;
– фиксни ануитети, варијабилни ануитети или фиксни ануитети со учество во добивката.

Корисникот на пензија, во случај на комбиниран пензиски надоместок, одлучува на колку видови надоместоци ќе се поделат средствата на неговата сметка и го определува делот за секој од видовите.

Програмираните повлекувања можат да се користат како:
– доживотни програмирани повлекувања и
– привремени програмирани повлекувања.

За исплата на средствата од доброволна индивидална/професионална сметка преку ануитет (без разлика на карактеристиките на ануитетот што корисникот на пензија ќе ги избере), корисникот на пензија потпишува полиса за ануитет со друштво за осигурување, за исплата на средствата преку програмирани повлекувања, еднократни или повеќекратни исплати, потпишува договор со пензиско друштво. Во случај на исплата на средствата преку комбинација од опции за исплата што ги нуди пензиско друштво и опции што ги нуди друштво за осигурување, корисникот потпишува и договор со пензиско друштво и полиса со друштво за осигурување.

Во однос на можноста за промена на веќе избран вид на исплата треба да се напомене дека:

– Полисата за ануитет е нераскинлив договор. Друштвото за осигурување не смее да ја раскине полисата за ануитет ниту во случај на согласност од корисникот на пензија и од друштвото за осигурување;
– Корисникот на пензија може во секој момент да го замени програмираното повлекување обезбедено од едно пензиско друштво со користење на преостанатите расположливи средства од доброволната индивидуална и/или професионална сметка за купување програмирани повлекувања од друго пензиско друштво, купување на ануитет од друштво за осигурување, со еднократна исплата од пензиско друштво или повеќекратна исплата од исто или друго пензиско друштво;
– Корисникот на пензија може да ја замени повеќекратната исплата со користење на преостанатите расположливи средства од доброволната индивидуална и/или професионална сметка за купување ануитет од друштво за осигурување, купување на програмирани повлекувања од исто или друго пензиско друштво, со повеќекратна исплата од друго пензиско друштво или со еднократна исплата од страна на пензиско друштво.

Постапката за остварување на право на пензиски надоместок од третиот столб започнува со поднесување на барање за стекнување право на пензиски надоместок до пензиското друштво кое управува со доброволниот пензиски фонд каде членот има доброволна индивидуална или професионална сметка, доколку ги исполни условите за исплата на пензиски надоместок согласно закон.
Доколку членот на доброволен пензиски фонд има доброволна индивидуална сметка и професионална сметка, може да бара спојување на средствата на двете сметки при што, доколку сметките се во два различни доброволни пензиски фонда управувани од две различни друштва, барањето се доставува до едно од пензиските друштва.

Барањето за остварување на право на пензиски надоместок може да се поднесе најдоцна до навршување на 70 години возраст на членот.

Доколку членот ги исполнил условите за право на пензиски надоместок, пензиското друштво издава потврда за висината на средствата на неговата доброволна индивидуална и/или професионална сметка и определува идентификациски број за котација.

Членот може да одлучи да побара котација во Центарот за котација за избор на пензиски надоместок, лично или преку пензиското друштво и да побара од пензиското друштво идентификациски број за котација при што доколку членот одлучи лично да побара котација од Центарот за котација тогаш ја користи потврдата за висината на средствата на неговата доброволна индивидуална и/или професионална сметка издадена од пензиското друштво.

Доколку пак, членот одлучи да побара котација преку пензиското друштво тогаш, писмено го овластува друштвото за барање на котација во кое ги наведува видовите на пензиски надоместоци и го определува делот на средствата на доброволната индивидуална и/или професионална сметка за секој од деловите наведени во опциите што ги побарал.

Во рок од 5 дена од приемот на барањето за котација, пензиското друштво е должно да поднесе барање за котација со идентификациски број на котацијата и податоците: износот на средства на сметка, полот и датумот на раѓање на членот на пензискиот фонд, вид на пензиски надоместок или нивна комбинација согласно барањето на членот.

Пензиските друштва се должни да достават понуди во Центарот за котација за програмирани повлекувања побарани од членот, додека пак друштвата за осигурување немаат обврска да презентираат понуди или пак, може да презентираат понуди за еден или повеќе видови на пензиски надоместок што членот ги побарал во барањето за котација.

Во секој случај, понудите што ќе бидат презентирани од пензиските друштва и друштвата за осигурување треба да бидат презентирани во рок од 5 дена преку Центарот за котација или пак лично на членот.

По завршување на периодот за котација, пензиското друштво од Центарот за котација добива збирна табела со сите добиени понуди за членот. Пензиското друштво доставува до членот копија од збирната табела што е заверена и потпишана од пензиското друштво.

По вака доставената табела, членот врши избор на видот на исплатата на средствата од неговата сметка.
Друштво за осигурување и пензиско друштво не смее да одбие склучување на договор или полиса за ануитет со член кој ја одбрал неговата понуда.

Член на доброволен пензиски фонд не е должен да избере понуда добиена преку Центарот за котација и може да бара котација преку Центарот за котација во неограничен број.

Член на доброволен пензиски фонд задолжително остварува право на пензиски надоместок кога ќе наврши 70 години живот.
Пензиското друштво е должно да се обрати до членот кој навршил 70 години заради остварување на правото на пензиски надоместок при што доколку членот избере вид на пензиски надоместок се применува погоренаведената постапка за презентирање на збирна табела добиена од Центарот за котација од страна на пензиското друштво и реализација на изборот на членот.
Доколку членот не изврши избор на вид на пензиски надоместок, се смета дека избрал еднократна исплата од пензиското друштво кое управува со доброволниот пензиски фонд каде членот има доброволна индивидуална и/или професионална сметка и исплатата се врши на негова трансакциска сметка.
Во случај членот да не го извести пензиското друштво за трансакциската сметка, друштвото ги чува средствата на доброволната индивидуална и/или професионална сметка на членот.

До основање на Центарот за котација собирањето и презентирањето на понудите за пензиски надоместоци од трет столб ќе се извршува од пензиското друштво кое управува со доброволниот пензиски фонд каде членот има доброволна индивидуална и/или професионална сметка.

Лектор: Каролина Накова

**КБ Прво пензиско друштво АД Скопје**

**Генерален директор**
**Весна Стојановска**

**Втор Генерален директор**
**Иван Стојановиќ**

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО
ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

КБ Прво пензиско друштво АД Скопје
Адреса: ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“ бр. 6 1000 Скопје
Телефон: (02) 3243 777
Е-маил: contact@kbprvo.com.mk
www.kbprvo.com.mk

МАПАС
Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
Адреса: ул. „Славко Јаневски“ 100, 1000 Скопје
Телефони: (02) 3224 229/(02) 3166 452
Е-маил: contact@mapas.mk